# BUBIL® / БУБИЛ®

(pyrethrum) шампон

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од доктор. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно,*
- *Ако Ви се потребни дополнителни информации, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат тогаш мора да појдете на доктор.*

*Активна супстанца* во БУБИЛ® шампонот е пиретрин екстракт (25% пиретрин I и пиретрин II)

60 ml шампон содржи 0,18 g пиретрин екстракт.

*Помошни супстанци:* глацијална оцетна киселина, пропилен гликол / ПЕГ-55 пропилен гликол олеат, кокамидопропилбетаин, цетримониум хлорид, бронопол, оксо-алкохол полигликол етер, парфем, прочистена вода

АТС код: P03AC01

*Пакувања:*

*Број и датум на решението за промет*

Шише од 60 ml шампон

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет:**

АД ЈАКА 80-Радовиш
Производна локација:
Првомајска б.б., Скопје
Република Македонија

Носител на одобрението за ставање во промет:
АД ЈАКА 80-Радовиш
Маршал Тито бр. 2, Радовиш
Република Македонија

**1. Што претставува лекот БУБИЛ® и за што се употребува**
Активната компонента на БУБИЛ® шампонот е пиретрин екстракт. Тој спаѓа во групата на ектопаразитици, лекови кои се токсични кон артроподите Pediculus capitis и Pediculus corporis, а најверојатно и кон нивните гниди.
Се употребува за:
вошливост на главата и пубичната регија (Pediculosis capitis et pubis).

**2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот БУБИЛ®**
**Немојте да го употребувате лекот БУБИЛ®:**

- ако сте алергични на пиретрини или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство,
- ако сте алергични на поленов прав ,
- ако имате астма.

**Бидете посебно внимателни со лекот БУБИЛ®:**
Шампонот е наменет за надворешна употреба и не е дозволено негово внесување во организмот.
Доколку се случи контакт на препаратот со слузницата на очите, устата или носот, местото треба веднаш да се измие со поголема количина на топла вода.
Препаратот не смее да се голта или вдишува.
Доколку се случи да проголтате од лекот, веднаш јавете се на лекар.

Потребна е примена на посебни хигиенски мерки за спречување на ширење на инфекцијата.
Вошливост на главата: Целата облека (особено долната облека) треба машински да се пере со врела вода, како и постелината и крпите за бришење на лицето и телото. Така третираната облека и постелина, потоа треба да се суши со примена на врел воздух и тоа најмалку 20 минути. Облеката која не може да се пере со вода, треба да се третира со хемиско чистење или треба да се спакува во пластични вреќи во тек на 2 недели.
Четките или чешлите за косата треба да се мијат со врела вода и со сапун (најмалку 5-10 минути). Истите не смеат да бидат користени од други лица.
Во текот на лекувњето неопходно е темелно одржување на хигиената во просторот на живеење.
-Вошливост на пубичната регија: Целата облека (особено долната облека) треба машински да се пере со врела вода, како и постелината и крпите за бришење на лицето и телото. Така третираната облека и постелина, потоа треба да се суши со примена на врел воздух и тоа најмалку 20 минути. Облеката која не може да се пере со вода, треба да се третира со хемиско чистење или треба да се спакува во пластични вреќи во тек на 2 недели.

Во тек на лекувањето, тоалетите треба темелно да се чистат.

**Користењето на лекот со храна или со пијалок**
**БУБИЛ**® шампонот е лек со локално дејство, така што храната и пијалокот немаат влијание на неговото дејство.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
БУБИЛ® шампонот не влијае на способноста за возење на автомобил или ракување со машини.

**3. Како да се употребува лекот**
Вошливост на главата: Кај поголеми деца и возрасни, на косата се нанесува една половина од содржината на шишето (2 големи лажици), а кај помали деца една голема лажица од шампонот. Се остава 5-10 минути, потоа добро се мие со топла вода. Косата се брише и суши со сува, неупотребувана крпа.Потоа се чешла со густ чешел со што се отстрануваат мртвите гниди и вошки.
Постапката се повторува и следниот ден. Ако има уште гниди и вошки, третманот со шампонот може да се повтори после 7-10 дена.

Начинот на употреба е ист и при вошливост на пубичната регија. Задолжително треба да се спроведе лекување на двата партнера, со оглед на начинот на ширење и пренесување на вошливоста.

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, БУБИЛ® може да има несакани дејства.*

Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со примената на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:

- отекување на раце, стапала, лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето;
- исип/ егзантема;

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергијска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.

Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- локално црвенило, јадеж, оток, екцем;
- инфекции и зголемена иритација на кожата, кои не постоеле пред употребата на препаратот,
- ненадеен напад на кијавица;
- намалена или зголемена секреција од носот.

Сите овие се слаби несакани дејства.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**
**Да се чува на температура до 25° C, заштитено од светлина.**
**ЛЕКОТ ЧУВАЈТЕ ГО НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на етикетата на шишето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено на ............................*

Скопје, мај, 2009 г.